АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 15-04. 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 2399 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска Телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 2015 година преку примерок од четири седмици (16 - 22 март 2015 г.; 1 - 7 јуни 2015 г.; 21 - 27 септември 2015 г.; и 14 - 20 декември 2015)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е должен на најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик да обезбеди не помалку од 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела).

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска

Телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), е констатирано дека во текот на 2015 година ја исполни обврската од член 91 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Во текот на четирите седмици избрани како примерок за мониторинг во 2015 година, од вкупно емитуваните програми што влегуваат во пресметка за европски аудиовизуелни дела, просечно **76,31%** беа европски аудиовизуелни дела.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***